НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БР.22

БИТОЛА

2019

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 22 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Издавач:
НУ Завод и музеј Битола

За издавачот:
д-р Мери Стојанова

Претседател на редакциски одбор:
Енгин Насух

Технички секретар:
м-р Јове Парговски

Членови на редакциски одбор:
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски

Лектор: Стево Гаџовски

Печати: Европа 92, Кочани

Тираж: 300

СОДРЖИНА

Душко ТЕМЕЛКОСКИ, Владимир КРСТЕСКИ
МОНЕТИ НА АНТИЧКО - МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ ВО НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП 1

Мери СТОЈАНОВА
ОБРЕДНАТА ПРАКСА ВО МАЛА ПРЕСПА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЗАПИСИТЕ НА СТЕРЈО СПАСЕ 17

Мимоза ХРИСТОСКА
ЧЕТИРИ САКРАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД XIX ВЕК ВО КРУШЕВСКАТА ОПШТИНА 23

Весна КАЛПАКОВСКА, Оливера ЈАНДРЕСКА
МЕРМЕРНА ПЛОЧА СО НАТПИС НА СВЕШТЕНИК НА ХЕРАКЛЕ ОД СТИБЕРА ОД ЗБИРКАТА НА ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА, ПРИ НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП 33

Стефан КАРАЏОВСКИ
ПРВА КРСТОНОСНА ВОЈНА 43

Драган ГЕОРГИЕВ
„УВОЛНИТЕЛЕН БИЛЕТ“ НА ДОНКА СТАВРЕВА УШЛИНОВА 57

Мирјана НИНЧОВСКА
ОД СИМБОЛИКАТА НА ДЕБАРСКОТО БЛАГОТВОРИТЕЛНО ДРУШТВО „НАПРЕДОК“ ВО СОФИЈА ВО ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ НА 20 ВЕК 65

Васко ГИЧЕВСКИ
ЖЕНАТА ВО БИТОЛСКИОТ САНЏАК 1881- 1912 ГОДИНА 73

Александар ЛИТОВСКИ
ПРИЛОГ ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СТЕВО ХРИСТОВСКИ–ПАТАКО, ВРЗ ОСНОВА НА СПОМЕНИТЕ НА ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ 83

Марјан ИВАНОСКИ
ПРОТОКОЛ ОД СОБРАНИЕТО НА ЦК НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНО НА 23 НОЕМВРИ 1974 ГОДИНА ВО СТРАЗБУР, ФРАНЦИЈА 101

Роберто ТРАЈКОВСКИ
БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ ВО СТРАТЕГИЈАТА НА ГЕРМАНСКАТА ИМПЕРИЈА ВО 1915 ГОДИНА 109

Рубинчо БЕЛЧЕСКИ
ВЕРА АЦЕВА – ХЕРОИНА ВО ГЕН - ПОВОД: 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО 117

Александар СИМОНОВСКИ
ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНАТА НА МЕТОДИТЕ И СРЕДСТВАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА 129

Паре ЗАРЕВСКА
ПРИКАЗ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА КЕРАМИЧКАТА УМЕТНОСТ ОД ВИЗАНТИСКИ СЕРЕС 143

Габриела ТОПУЗОВСКА
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ 153

Angelina POPOVSKA
NEGLECTING... 163

IN MEMORIAM
Драгица Симоска 169

Никола Ивановски 171

Ристо Палигора 173

Почитувани читатели,
Почитувани колеги,

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови” кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови” го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р Мери Стојанова

061.235:314.15-026.49(497.2:=163.3)”19”
061.235[929.9:929.651(497.2:=163.3)”19”

Мирјана НИНЧОВСКА[1]

Од симболиката на Дебарското благотворително друштво „Напредок“ во Софија во првите децении на 20 век

Апстракт: *Во симболиката на Дебарското благотворително друштво „Напредок“, основано во 1911 година во Софија, анализирана низ неговите обележја – знамето и печатот, има мотиви од општ и од роднокраен карактер.*
Клучни зборови: *дебарска/македонска емиграција, друштво, Софија, симболика, симбол, мотив, роднокрајно, знаме, печат.*

По завршувањето на Руско-турската војна (1877/1878) и потпишувањето на Берлинскиот договор (1878) се менуваат, пред сè, општествено-политичките состојби на териториите на Балканот што пред војната ги владее османската држава. Бугарија по војната се стекнува со автономен статус и со тоа се стеснуваат турските државни граници и влијанието на Балканот. Настаните од овие години потикнуваат и раздвижувања и промени кои се одразуваат и врз животот на целокупното македонско население. На крајот на 19 и во почетокот на 20 век (особено по Илинденското востание од 1903 година) многубројна македонска емиграција во потрага по побезбеден и подобар живот ја преминува турско-бугарската граница. Иако домот најчесто се напушта со мислата дека тоа е привремено, многу реткобегалското и емигрираното население се враќа назад. Македонската емиграција во Бугарија постепено се зголемува во повеќе места, но најбројна била емиграцијата во Софија. Предмет на интерес во овој случај е емиграцијата од дебарскиот крај сконцентрирана во Софија, поконкретно симболиката на една од организираните културни и добротворни форми на нејзиното живеење.

Македонските бегалци, преселници и емигранти, кои станале граѓани на Бугарија, се организирале во свои легални, пред сè, културни и добротворни братства, друштва, дружини и сл. Тоа природно се наметнува од потребата за негување на заедничките културни, битови, историски традиции и за споделување на заедничките проблеми, како и за солидарност при нивното разрешување. Тие понекогаш давале поддршка и за решавање на некои прашања од животот на населението во родниот крај.[2] Во таа смисла,

---

[1] Д-р Мирјана Нинчовска, НУ Музеј на Република Северна Македонија – Скопје, ул. „Јосиф Михајловиќ“ бр.7, Скопје; адреса на живеење: бул.„АСНОМ“ бр. 7/47, Скопје; mnincovska@yahoo.com.

[2] *Отчетъ за хода на събирането помощите отъ родолюбивите дебрани за доизкарване училищната сграда въ гр. Дебъръ*, Софийско настоятелство по събиране помощи за Дебърския български монастир „Св. Иоанъ Предтеча-Бигоръ“, София, печатница „Витоша“, 1912, 5.

дебарчани во Софија биле меѓу побројните македонски јадра во градот, многу добро организирани и активни.[3]

Прва организирана форма на дебарската емиграција во Софија во почетокот на 20 век била Дебарската просветна дружина формирана на 1 декември 1904 година[4]. Патронен празник на дружината бил Петровден (29 јуни, по стариот календар).[5]

Неколку години подоцна од дебарската емиграција во Софија е основано и дебарското благотворително друштво „Напредок". Како датум на неговото основање го среќаваме 14 мај 1911 година. Тој се совпаѓа со христијанскиот празник Педесетница (Св. Дух), кој се смета за роденден на Божјата црква.[6]

Од симболите на Дебарското благотворително друштво „Напредок" ќе ги разгледаме знамето и печатот. Знамето се чува во историскиот музејски фонд во НУ Музеј на Република Северна Македонија – Скопје и е евидентирано со инвентарен бр. 14545И[7]. Иконографијата на печатот ни е достапна

---

[3]Низ финансиската документација на Извршниот комитет на македонските добротворни братства во Бугарија се среќаваат податоци и за паричната поддршка што ја добивале две дебарски братства од Софија. Тие во евиденцијата се водени како „Дебарско I" и „Дебарско II" (види: Државен архив на Република Македонија (понатаму: ДАРМ). 1.471.1.1-2; ДАРМ. 1.471.1.2.40-41). За првото се исплатени средства за греење и за осветлување, а за второто - за поштенски и за телеграфски трошоци. Но, низ истата документација, меѓу другото, среќаваме и Налог бр. 144 (429) од Извршниот комитет до неговиот касиер за исплата на 194 лева на Лазар Димитров, ул. „Марија Лујза" бр. 1, Софија, со датум 30 октомври 1912 година. Средствата се исплаќаат за набавка на 40 пара опинци и на друга опрема. На документот стои и потписот на Л. Димитров како примател на средствата (види: ДАРМ.1.471.2.544). Тоа ја покажува ангажираноста и на дебарчани во подготовките и во организирањето на Македонците за учество во Првата балканска војна. При организирањето на Македонско-одринското ополчение во октомври 1912 година, дебарчани масовно и сите облечени со оригиналната дебарска носија први пристигнале на собирниот пункт во Софија и меѓу првите дружини била формирана Дебарската ополченска дружина, во која речиси целиот состав бил од дебарчани. Види: Петър Дървинговъ, *История на Македоно-одринското опълчение*, том първи, София, 1919, 35; Димитар Минчев, *Военнореволюционната дейност на Петър Дървинговъ* (1898-1918), София, 1990, 67.

[4]*Дебърски глас*ь, год. I, бр. 11, София, 14 юний 1909 год., 3–4. Во 1909 година и во Варна била формирана Дебарска просветна дружина со голема заслуга на Арсениј Јовков. Види: Македонска академија на науките и уметностите, ф. *Арсениј Јовков*, к. I, АЕ 1, л.8.

[5]*Дебърски глас*ь, бр. 12, София, 21 юний 1909 год., 4.

[6]Празникот Св. Дух бил патронен празник на друштвото (братството) и се одбележувал секоја година. Види: Патронниятъ праздникъ на Братството (Св. Духъ) 1943 г., в. *Дебърски гласъ*, бр. 6, София, ноември 1943 год., издава Дебърско благотворително братство – София, 8.

[7]Знамето е двострано, изработено од бела, зелена и црвена свила,со правоаголна форма со димензии 145 х 113 см. Трите страни на знамето се опшиени со срмени реси со боја на старо злато долги 6 см. На едната од покусите страни (вертикалната) е изработена лајсна со ширина 7,5 см за протнување дршка. Предната страна е поделена на три полиња на следниот начин: горната и левата страна се врамени со бело поле со ширина 22 см, долната и десната страна се врамени со црвено поле со ширина 18 см. Во средината има правоаголно зелено поле. Во него, на средината, се претставени две раце што се ракуваат. Мотивот е изработен со везење и со нашивање на друго платно. Црниот дел од претставениот ракав што ги врамува рацете е

единствено преку отпечатоците на документите издадени од друштвото[8]. Досега ни се познати две верзии на печатот на друштвото.

Во симболиката на споменатото друштво провејуваат мотиви од поширок карактер и роднокрајни мотиви. На пример, споменатиот патронен празник на друштвото, Педесетница,се чествувал и од целата македонска емиграција во Бугарија како Ден на Македонија.[9]Тој симбол е присутен и на знамето на друштвото (слика 1).

нашиено тенко платно од чоја, додека белиот дел од истиот ракав е нашиено платно од памук со погруба и поцврста структура. Преостанатиот дел од мотивот е изработен со густо везење (бродирање) со конци во бои блиски до природните, но, сепак, со посилен интензитет. Рабовите на белите и на црните полиња од платно и целиот вез со претставените раце се опшиени со светлосив свилен вез, кој личи на ширит (шнур). Рацете се врамени со извезен лавров венец, кој е во форма на положена елипса отворена од горната страна. Везот е со истата техника како оној на мотивот со рацете и е изработен со свилени конци во крем, кафеникави и зеленикави бои. Целиот мотив е опшиен со светлорозов вез како ширит (на ист начин како и централниот мотив). Под него со срмени конци во темносино-сива боја е извезен натпис „НАПРЕДЪКЪ“. Натписот е поставен во блага полукружна форма паралелно со извезениот венец. Најгоре со исти конци е извезен натписот „ДЕБЪРСКО БЛАГОТВ. Дво“, кој, исто така, е поставен во блага полукружна форма. Висината на буквите од натписот е 8 см. Другата страна од знамето е поделена на полиња во трите бои (бела, црвена и зелена) на идентичен начин како првата. Во централниот дел на средишното зелено поле има претстава на иконата „Педесетница“, со димензии 47 см висина, 57 см ширина. (Претставата е неканонска. Богородица, во средината, не се претставува на оваа икона. Најверојатно станува збор за западно влијание.) Претставата е изработена со везење на свилено сатенско платно и со нашивање е аплицирана на зелената свила. Рабовите ѝ се опшиени со темнокрем свилен вез како ширит. Со таква опшивка е поделена во две полиња, од кои средишното е со претставата на иконата, а надворешното е како украсна рамка. Под иконата е извезен натписот„ОСНОВАНО 1911 14 МАЙ СОФИЯ“, со висина на буквите од 3 см. Поставен е паралелно со долниот раб на зеленото поле, 7 см над неа. Изработен е со исти конци и со иста техника како и натписот од предната страна на знамето. Знамето е конзервирано и е во многу добра состојба. Види: Мирјана Нинчовска, „Знамиња на македонските добротворни (благотворителни) братства и друштва во Бугарија од почетокот на 20 век во фондот на Музејот на Македонија“, *Известия на Исторически музей Кюстендил*, том XXI, Кюстендил, 2019 (во печат).

[8]При нашите досегашни истражувања во музејските и во архивските институции во земјава и во соседна Бугарија не успеавме да ги пронајдеме печатите како тридимензионални предмети. Според уставите на македонските добротворни друштва и братства и на другите слични асоцијации, печатот го чувал најчесто секретарот, а понекаде и претседателот на раководното тело.

[9]За овие празнични собирања на македонските емигрантски организации во Бугарија, особено по Првата светска војна, се објавени и многу написи во весниците на емиграцијата (*Илиндень*, *20 Юлий*, *Пирин* и др.).

Слика 1 Знамето на Дебарското добротворно друштво „Напредок“ во Софија (задна страна)

Исто така, и симболот на двете раце што се поздравуваат (ракуваат), кој го среќаваме на знамето на друштвото (слика 2) и на едната верзија од печатот, е пошироко користен од страна на македонската емиграција во Бугарија во тој период. Тоа било прифатено како симбол од страна на најголем дел од македонските добротворни (благотворителните) братства (друштва) најверојатно поради тоа што подадената рака едноставно го симболизира милосрдието и, секако,благотворителниот карактер на братствата или друштвата. Но, тоа е и еден од масонските знаци што ја отвора размислата за тоа дали тука има масонско влијание. Сепак, колку масонството било инволвирано во македонското легално организирање во Бугарија во почетокот на 20 век е прашање на кое нема да се задржиме во оваа пригода. Од анализата на документите со отпечатоци на печатите на македонските добротворни друштва (братства) во Бугарија од крајот на 19 и почетокот на 20 век, на раководното тело на нивниот сојуз (Извршниот комитет) и на други легални македонски организации (Времената комисија од 1920 година, македонските федеративни асоцијации итн.) што ни беа достапни може да се заклучи дека најчесто користен симбол се двете раце што се ракуваат.

Слика 2 Знамето на Дебарското добротворно друштво „Напредок“ во Софија (предна страна)

Но, иконографијата од првиот печат што го среќаваме преку отпечаток на документ[10] по основањето на друштвото е со роднокраен мотив (слика 3). Тој е еден од поретките на кои најчесто се претставени мотиви кои се поврзуваат со роднокрајните географски, културни и традиционални одлики.[11] Печатот е со елипсовидна форма и е поделен на две полиња. Во централното поле се претставени високи планини меѓу чии врвови се гледа сонцето како изгрева. Со претставата на високите планински врвови емиграцијата од Дебарско носталгично го претставува пејсажот на родниот крај. Изгрејсонцето ја симболизира надежта за ослободување на родниот крај и за подобро утре. Тоа многу често се користи и во револуционерните песни и во химните во смисла на повикување и очекување на слободата и на подобриот живот. Во периферното поле има натпис „ДЕБЪРСКО БЛАГОТВОРИТЕЛНО Д-ВО * СОФИЯ *“. За овој печат е карактеристична поинаквата иконографија од онаа на печатите на најголем број од македонските добротворни братства во Бугарија во првата половина на 20 век.

[10]ДАРМ, 1.471.3.91(89).597; 1.471.10.229; 1.471.10.315.

[11]Меѓу нив се и печатите на Паланечкото благотворително братство „Осогово“,Малешевското благотворително братство „Дедо Иљо Војвода“,Струшкото културно-просветно друштво „Бр. Миладинови“, Кичевското благотворително братство, Реканската благотворителна дружба и на Кукушкото благотворително братство, сите основани во Софија. Ист е случајот и со Македонското културно спомагателно братство „Св. Св. Кирил и Методиј“ во Ќустендил.

Слика 3 Печатот на Дебарското добротворно друштво „Напредок“ во Софија

Во подоцнежните години, кога со Дебарското благотворително друштво претседава Стамат Стаматов, печатот е со тркалезна форма и во средишното поле се претставени две раце што се поздравуваат.[12]

Знамето на друштвото „Напредок“, како уникатен предмет, е со многу добра изработка (во споредба со онаа на некои од другите знамиња на братствата и на друштвата што ни се познати). Покрај погоре споменатата симболика што се гледа на него, забележливи се и полиња со чисти бои (зелена, црвена и бела), што укажува и на хералдичките познавања на изработувачот на идејното решение. Всушност, дебарската емиграција во Софија во периодот што го споменуваме не само што била меѓу побројните од Македонија, туку, како што рековме погоре, била и добро организирана и активна. Во нејзините редови се среќаваат и познати имиња од македонската културна и револуционерна историја (Лазар Димитров, Војдан Чернодрински[13] и др.).

Со овој скромен осврт на симболиката на дел од дебарската емиграција во Софија во првите децении на 20 век се надеваме дека даваме мал придонес во расветлувањето на организираното живеење и дејствување на дебарската, а преку тоа и пошироко на македонската емиграција во Бугарија во тоа време.

[12]Централен државен архив, ф.771к, оп.1, а.е. 17, л.1–6.

[13]Чернодрински од страна на друштвото бил предложен и ополномоштен за делегат на конгресот за обединување на македонската емиграција во Бугарија, кој требало да започне со работа на 28 јануари 1923 година (ДАРМ, 1.471.4.10.315). Во тоа време на превирања во македонските емигрантски средини во Бугарија се случува и борба за преземање на раководењето со емиграцијата. Во таа смисла, и во Дебарското друштво се случуваат внатрешни бранувања (ДАРМ, 1.471.4.10.229).

Резиме

Кон крајот на 19 и во првите децении од 20 век македонската емиграција во Бугарија легално се организирала во свои братства, друштва и други организации, кои, пред сè, го имале добротворниот предзнак. Преку такви форми на организирање ги артикулирале своите културолошки потреби, ја негувале традицијата (битова, историска, религиозна и др.), разрешувале и лични или семејни проблеми, понекогаш давале поддршка и за решавање на некои прашања од животот на населението во родниот крај.

Дебарската емиграција во Софија во почетокот на 20 век, покрај дебарската просветна дружина, во 1911 година го основала и Дебарското благотворително друштво „Напредок“. Од иконографијата на обележјата на тоа друштво ги разгледуваме знамето (кое се чува во НУ Музеј на Република Северна Македонија – Скопје) и отпечатоците од две верзии на печатот на друштвото. На нив среќаваме симболи од општ и од роднокраен карактер. Претставите на патрониот празник на друштвото, Педесетница, и двете раце што се ракуваат се симболи пошироко присутни кај македонската емиграција во Бугарија во тоа време, додека пејзажот со изгрејсонцето, претставен на првиот печат на друштвото, е роднокраен мотив. Со нивната обработка и презентација даваме придонес и во расветлувањето на темата за животот на споменатата македонска емиграција во Бугарија.

Summary

At the end of the XIXth and the first decades of the XXth century, the Macedonian emigration in Bulgaria was legally organized in brotherhoods, societies and other organizations having a charitable character.These forms of organization permitted the articulation of various cultural needs, maintaining of the traditions (related to the identity, history, religion etc.) and provided support in cases of personal and family challenges, sometimes including solving of the challenges faced by the population back in the homeland.

At the beginning of the XXth century, the emigration from Debar to Sofia founded its educational society and, in 1911, the Debar charitable society ‘’Progress’’.In what concerns the iconography and the characteristics of this society, we analyzed the flag (conserved by the NI Museum of the Republic of North Macedonia - Skopje) and the imprints in two versions of the seal of the society. We detected both symbols of general, as well as of homeland character.The representation of the patron’s day of the society, ‘’Pedesetnica’’, as well as the two shaking hands are generally accepted symbols of the Macedonian emigration in Bulgaria at that time, while the landscape of the sunrise, represented on the first seal of the society is a homeland motif.Their analysis and presentation contribute to the clarification of the life of the above mentioned Macedonian emigration in Bulgaria.